„Земи од неговиот имот она што е разумно и доволно – за тебе и за твоите деца.“

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: Хинд бинт Утбе, жената на Ебу Суфјан, влезе кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „О Божји пратенику, Ебу Суфјан е скржав човек – не ми дава доволно издршка за мене и моите деца. Земам од неговиот имот без негово знаење – па дали со тоа правам грев?“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ѝ одговори: „Земи од неговиот имот она што е разумно и доволно – за тебе и за твоите деца.“

[متفق عليه] [صحيح]

Хинд бинт Утбе, Аллах нека е задоволен со неа, побарала фетва од Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, во врска со нејзиниот сопруг Ебу Суфјан, Аллах нека е задоволен со него – бидејќи бил скржав и претерано приврзан за својот имот, па не ѝ давал доволно издршка ниту за неа ниту за нејзините деца. Таа земала од неговиот имот без негово знаење – па прашала дали прави грев со тоа. Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ѝ одговорил: „Земи за себе и за своите деца онолку колку што е вообичаено и доволно – дури и без негово знаење.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/2965